Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-111/9
27-03-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-111/1 од 20.1.2025 година поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Битола против в.д. директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски, со седиште на ул. „Битолска" бб во Демир Хисар, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 18.3.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на в.д. директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски врз [redacted] врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

## Образложение

На ден 20.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") е поднесена претставка заведена под архивски број 08-111/1 од страна на [redacted] против в.д. директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски, врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Подносителката на претставката наведува дека во неколку наврати доставила барање до в.д. директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски, за спречување на дискриминација и вознемирување на работното место. Подносителката објаснува дека в.д. директорот извршил вознемирување врз основа на политичко уверување со тоа што ги охрабрил и поттикнал нејзините колеги [redacted] и ги искористил нивните изјави против подносителката за да ја дискриминира. Подносителката наведува дека доставила предлог за поведување дисциплинска постапка против лицата, но истата не била покрената. Во продолжение, подносителката наведува дека таа до доаѓањето на новата власт, била директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар и член на Управниот одбор на болницата. По доаѓањето на новата власт, на директорското место бил поставен Жан Лозановски, кој бил економист по професија. Подносителката објаснува дека претставката до Комисијата ја поднесува од причина што на ден 1.11.2024 година со Решение била прераспределена на ново работно место кое било пониско ниво од претходното. Прераспределувањето било направено на 1.1.2025 година во 15 часот. Подносителката наведува дека не била претходно известена за истото и не ѝ била наведена никаква причина. Во таа насока, подносителката наведува дека прераспределувањето е несоодветно за нејзината стручност, поточно новото работно место не биле предвидена за работа со титулите примариус и докторат. Понатаму, подносителката наведува дека прераспределувањето било направено поради економски причини, односно била прогласена за технолошки вишок, додека на претходното работно место бил поставен доктор со пониско образование од нејзиното. Воедно, подносителката тврди дека во период кога имало недостаток на доктори психијатри, в.д. директорот вовел дежурства наместо смени, а таа била прогласена за технолошки вишок.

Во продолжение, подносителката наведува дека во неколку наврати разговарала со в.д. директорот и го прашувала за причината поради која била прераспределана, на што тој ѝ одговарал дека така му било кажувано на ниво на политичката партија, дека имало политичка позадина. Во однос на Решението за прераспределување во кое било наведено дека подносителката го кршела работниот ред и дисциплина, в.д. директорот ѝ рекол дека морал така да напише за да не го тужела. Во таа насока, подносителката тврди дека во текот на периодот до поднесувањето на претставката во некоку наврати била опоменувана да ја повлече тужбата, во спротивно ќе била исклучена од дежурства или ќе ѝ биле намалени од 7-8 дежурства на 2. Во месец јануари 2025 година на подносителката ѝ биле доделени 2 дежурства и не ѝ бил доделен ниту еден празник како работен ден. Со тоа, таа наведува дека била драстична разлика меѓу неа и другите вработени, односно додека таа добила само 2 дежурства, другите вработени добиле по 8 , кои дотогаш редовно добивале по 7 дежурства. Притоа, таа наведува дека на распоредот за дежурства бил потпишан само директорот, а не и медицинско лице, односно [redacted] кој до месец јануари се потпишувал на распоредите и истите ги одобрувал. Подносителката наведува дека со тоа в.д. директорот кон неа извршил неправда, понижување, деградирање и ја спречил да напредува во нејзината струка и да работи во областа за која има универзитетска диплома, како и дека ѝ била нанесена материјална штета. Таа тврди дека в.д. директорот на одржан колегиум го прочитал барањето на подносителката со кое барала да не биде исклучувана од дежурства и ја презентирал неговата одлука, при што на присутните им рекол: „Сега ќе ја исклучам од дежурства. Не сакаше да изгуби 7000 денари, сега нека изгуби повеќе, па да ја видам дали ќе ја повлече тужбата". Подносителката наведува и сведоци на изјавата на в.д. директорот. Дополнително, подносителката наведува дека истата реченица ѝ била упатена директно и на неа. Во таа насока, подносителката наведува дека сите одлуки се носеле на колегиуми кога таа не била присутна и покрај тоа што таа писмено се обратила до в.д. директорот и останатите лекари да не носат одлуки кои се однесуваат на неа без нејзино присуство и да не ѝ вршат вознемирување на работното место. На крајот од претставката, подносителката наведува дека дежурствата кои требало да ѝ бидат доделени, им биле доделени на интернист и други општи лекари кои немале лиценца за работа како психијатри. Дополнително на ова, таа тврди дека со прераспределувањето на новото работно место, платата ѝ била намалена и тоа 2 ипол години пред нејзино пензионирање.

На истиот ден, 20.1.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено и Дополнување на претставката, заведено под арх.бр. 08-111/2. Во Дополнувањето, подносителката објаснува дека претставката ја испратила со погрешен датум на испраќање, кој го коригира од 10.1.2024 година во 10.1.2025 година. Дополнително на ова, подносителката ја наведува и својата адреса на живеење и ја информира Комисијата дека в.д. директорот Жан Лозановски бил член на политичката партија Движење ЗНАМ. Во продолжение, подносителката тврди дека на нејзиното претходно работно место првично бил поставен [redacted], кој по 2 месеци бил разрешен. На негово место бил поставен [redacted] Во таа насока, таа наведува дека именуваните лица се специјалисти психијатри и немале титула примариус, магистер или доктор по медицински науки и истите биле распределени без објавен интерен оглас. Дополнително на ова, лицата не ги исполнувале ниту условите за раководител на оддел, поточно немале 5 години работен стаж, немале ниту положен странски јазик и висока стручност со која би ја надминале таа на подносителката. На крајот, подносителката наведува дека во два наврати, поточно на ден 1.12.2024 година и на ден 25.12.2024 година, поднела барање за поведување на дисциплинска постапка против лицата [redacted] првиот пат до в.д. директорот, а вториот пат до секретарката на в.д. директорот и истите не биле архивски заверени, ниту пак реализирани.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.1.2025 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до в.д. директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски, заведено под архивски број 08-111/3.

На ден 18.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката од страна на в.д. директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски, заведено под архивски број 08-111/4.

Се наведува дека вработената [redacted] била прераспоредена од работното место Раководител на оддел во болницата на работното место доктор на медицина – специјалист. Во однос на намалувањето на платата, се наведува дека истата не била намалена. Дополнително на ова, наведено е дека не ѝ бил намален ниту основниот коефициент на сложеност од доктор на медицински, стоматолошки и фармацевтски науки – 6,504. Единствено, не земала додаток на плата од 0,44% како раководител. Истото било направено поради усмени и писмени поплаки против подносителката од страна на вработени во болницата и пациенти.

На ден 18.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена Ургенција од страна на подносителката [redacted] заведено под архивски број 08-111/5. Подносителката наведува дека добила Известување од страна на Државен санитарен и здравствен инспекторат во кое било наведено дека [redacted] бил поставен за раководител на оддел без да се почитуваат посебните услови во актот на систематизација. Дополнително, подносителката наведува дека поради утврдената нерегуларност, до в.д. директорот на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар било доставено Решение со наредба до директорот на установата за целосно спроведување на член 163 од Законот за здравствена заштита во согласно со член 158 став 5 од Законот. Подносителката наведува дека до моментот на испраќањето на Ургенцијата сѐ уште не било постапено по Решението. Подносителката наведува дека Известувањето од страна на ДСЗИ било доставено и до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. До денот на носењето на ова Мислење, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема пристигнато Известување од страна на ДСЗИ. Понатаму, подносителката ја известува Комисијата дека во месец февруари повторно ѝ биле скратени дежурствата.

На ден 18.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен Допис од страна на Државен инспекторат за труд во кој се известува Комисијата за конкретниот предмет и се препраќа претставката за понатамошно постапување, заведено под архивски број 08-111/6.

На ден 24.2.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за доставување на информации до в.д. директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски, заведено под архувски број 08-111/7. Заради целосен увид во фактичката состојба од страна на Комисијата беше побарано да бидат доставени следните информации:

- Податоци за исплатата на нето-примањата на подносителката [redacted] пред и по нејзиното прераспределување на ново работно место, односно за периодот **пред 1.11.2024 година** и **по 1.11.2024 година**;
- Датумот на извршеното прераспределување на новото работно место на подносителката и датумот на донесување на Решение за истото;


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- Дали прераспределувањето на новото работно место на подносителката е на пониско ниво во однос на претходното и дали истото е несоодветно со нејзината стручна подготовка;
- Систематизацијата на работните места пред и по прераспределувањето на подносителката на новото работно место;
- Причините поради кои е извршено прераспределувањето на подносителката на новото работно место;
- Копии од писмени поплаки од страна на пациенти и вработени во ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар против подносителката [redacted]
- Дали подносителката е прогласена за технолошки вишок, имајќи предвид дека, поради недостаток на други доктори психијатри, истите биле ангажирани на дежурства наместо во смени;
- Дали бил објавен интерен оглас за избор на кандидат за работното место што претходно го извршувала подносителката и, доколку да, кои биле критериумите за селекција на кандидатите;

На ден 13.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на в.д. директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски беше доставен Одговор на барањето, заведен под архивски број 08-111/8. Наведено е дека вработената д-р [redacted] била вратена на старото работно место – раководител на оддел од болницата. Бараните информации не беа доставени до Комисијата.

**Ценејќи ги наводите во претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај утврди дека е сторена директна дискриминација и вознемирување врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на в.д. директор на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски врз [redacted]**

Во таа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

**Со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** *„се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување,* ***политичко уверување****, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.“*

Дополнително на ова, вознемирувањето е дефинирано во член 10 став 1 од **Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика".*

Согласно член 21 од Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија:
*„Работникот за време на траењето на работниот однос, може да биде* ***распореден на секое работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка****".*

Дополнително, согласно **член 1 став 1 (б)** од **Конвенцијата бр. 111 на Меѓународната организација на трудот** за дискриминација во врска со вработување и занимање, под поимот дискриминација се подразбира:
*„Секое разликување, исклучување или давање предност врз основа на [...] политичкото мислење [...] што има дејство на поништување или нарушување на еднаквоста на можностите или третманот во вработувањето или занимањето."*

Во конкретниот случај, в.д. директорот на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски не ги поби наводите од претставката, односно не докажа дека преземените дејствија кон подносителката биле засновани на објективни, оправдани и професионални причини.

Во таа смисла, не беа доставени писмени поплаки кои наводно служеле како основа за нејзиното прераспределување, ниту беше образложено зошто единствено на подносителката ѝ биле намалени дежурствата, а на другите вработени им биле зголемени. Дополнително, не беше дадено образложение за тоа врз основа на кои критериуми биле избрани кандидатите на нејзиното претходно работно место, како и дали ги исполнувале условите за работното место раководител на оддел во болницата. Не беа побиени ниту наводите од претставката во кои подносителката наведува дека в.д. директорот ѝ се обратил со изјави кои упатуваат на нееднакво постапување врз основа на нејзиното политичко уверување.

Несомнено, прераспределувањето на подносителката од работното место раководител на оддел на работното место доктор на медицина – специјалист, кое е несоодветно со нејзината стручна подготовка, додека на нејзиното претходно работно место биле поставени лица кои не ги исполнувале условите за истото, заедно со намалување на примањата како резултат на редуцирани дежурства, додека на други вработени дежурствата им биле зголемени, претставува понеповолно и нееднакво постапување. Во конкретниот случај, преземените дејствија се без легитимна цел, односно не произлегуваат од објективни и оправдани околности. Начинот на кој подносителката била исклучена од дежурства, распоредена на пониско работно место и изложена на изјави со политичка содржина, резултира со повреда на нејзиното достоинство и создавање на непријателска работна средина. Дополнително на ова, со намалувањето на примањата се загрозува економската стабилност на подносителката, особено имајќи предвид дека се работи за лице кое се наоѓа во последните години од својот професионален ангажман пред пензионирање.

Оттука, имајќи предвид дека тврдењето за дискриминација беше сторено веројатно од страна на подносителката на претставката и согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација товарот на докажување премина на в.д. директорот на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски, Комисијата утврди дека изнесените наводи од претставката не беа побиени, односно не беше докажано дека политичкото уверување на подносителката не влијаела врз прераспоредувањето на пониско ниво и редуцирањето на дежурства.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потенцира дека и покрај тоа што подносителката е вратена на претходното работно место, повредата сепак постои за периодот во кој била прераспределена, сè до денот на нејзиното враќање на претходната работна позиција, имајќи предвид дека за тој временски период таа била изложена на нееднаков третман.

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, за цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

1. Се препорачува во иднина в.д. директорот на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски да се воздржува од преземање какви било дејствија или одлуки кои би можеле да резултираат со дискриминаторски третман, вознемирување или неповолно постапување врз основа на политичко уверување, како и да обезбеди еднаков и правичен третман на сите вработени.

Доколку в.д. директорот на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- в.д. директорот на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар – Жан Лозановски, со седиште на ул. „Битолска“ бб, 7240 Демир Хисар